e-mail - kiril.metodij@gimail.com




# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА РАБОТАТА НА УЧИЛИШТЕТО
## ЗА УЧЕБНАТА 2022-2023 ГОДИНА

с. Романовце - Куманово




ООУ„Кирил и Методиј“ с. Романовце

**Јули 2023**




# Вовед

Годишен извештај за работата и постигнатите резултати на ООУ „Кирил и Методиј“ с. Романовце на крај на учебната година 2022/2023 година е изготвен врз основа на законска регулатива.

Услови за остварување на воспитно- образовниот процес во училиштето ООУ„Кирил и Методиј“ с.Романовце.

План и програма и други воспитнио - образовни активности се реализирани во сите подрачја, освен на државни и верски празници, а од Министерство за образование, полугодишниот одмор се продолжи за неколку денови.

## Задолжителна настава

Наставата во централното основно училиште „Кирил и Методиј" с. Романовце и подрачното ОУ во с. Агино Село е основна и најважна воспитно-образовна компонента. Воспитно образовиот процес се реализираше согласно со динамиката зацртана во Годишната програма за работа на училиштето, а согласно со Законот за основно образование во училиштето се реализира задолжителна настава и изборните предмети.

Наставата влијае во остварувањето на целта на воспитанието и образованието преку развивање на образована, компетентна, креативна и социјализирана личност. Учениците своите стекнати основни знаења ќе можат да ги надоградуваат и практично да ги применуваат во секојдневниот живот.

Во прво полугодие на ниво на училиште со описно оценување се оценети 231 ученик, а бројчано 137 ученици и сите наставници uspe{no gi ocenija u~enicite, кои potvrdenite ocenki gi vnesoa vo E-dnevnik i vo Evidnetnite listovi.

Наставата во основните училишта се утврдува и остварува со Наставен План и Програма која е донесена од страна на Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија.

Во воспитно образовниот процес во настава на македонски наставен јазик во централно основно училиште наставата во четврто и петто одделение како и во второ и трето одделение наставата се одвива во комбинирани паралелки.

Во четврто и петто одделение има слободни изборни предмети, а за учениците од шесто одделение, по извршеното анкетирање на учениците и родителите и во македонски и во албански паралелки, македонски паралелки го избраа предметот Класична култура на Европска цивилизација, а во албанските паралелки избраа Етика на религија. Во седмо одделение деветгодишно во албански паралелки е избрано Вештини на живеење, а во македонски паралелки во седмо одделение во централно училиште е избрано Нашата татковина, истотака и во подрачно училиште е избрано Нашата татковина.
Во осмо деветгодишно, во централното училиште во с.Романовце е избрано Истражување на родниот крај, а и во подрачното училиште избрано е Истражување на родниот крај. Во осмо одделение во албански паралелки е избран предметот Воспитание за околината.

Во деветто  одделение во с.Романовце и  с.Агино село во македонски паралелки избран о е Истражување на родниот крај, а во албански паралелки избран е во деветто а (IX а)  унапредување на здравјето, а во девето б (IX б)  избрано е Техничко образование.

# Реализација на наставните планови и програми

### Планирања на наставниците

- Поддршка и следење на планирањата на наставниците
- Индивидуални планирања на наставниците
- Размена на искуства и информации при планирањето
- Распоред на часови
- Применувани наставни планови и програми
- Информираност на родителите и учениците за наставните планови и програми
- Прилагодување на наставните програми на децата со посебни образовни потреби
- Избор на наставни предмети
- Реализација на проширени програми

# Квалитет на наставните планови и програми

.Во второ полугодие  со оглед дека зимскиот распуст се продолжи и има намален број наставни денови,  биро за развој на  образование  во рамки на свои надлежности даде насоки за планирање и реализација на наставата во второ полугодие во учебната 2022-2023 година согласно редовни наставни програми. Со пролонгирање на зимскиот распуст се намалуваат и бројот на часовите . Предмети застапени со еден час неделно има годишен фонд од 36 часа и негово намалување е 1 до 2 часа во второ полугодие. Предмети со застапеност  од  2 часа неделно и 72 часа годишно ќе има намалување од  2 до 4 часа, наставен предмет со 3 часа неделно и 108 часа годишно ќе се намали за 3 до 6 часа , наставен предмет со со 4 часа неделно и 144 часа годишно се нсмалува за 4 до 7 часа , наставен предмет со застапеност од 5 часа неделно и 180 часа годишно се намалува за 8 до 9 часа  додека наставен предмет со застапеност од 6 часа неделно и  216 часа  годишно се намалува за 8 до 10 часа зависно од распоред на часови. Фонд на часови во второ полугодие за нови наставни содржини, повторување, утврдување,

вежби, проверка на знаењата на учениците, истражување ,реализација на проекти  наставникот го распоредува во зависност од напредокот и потребите на учениците и условите за работа.Часовите предвидени за усвојување нови наставни содржини може да се планираатинтегрирано со часови за вежби и слично за да се постигне истиот резултат за помал временски период. Исто така одделни содржини кои имаат заеднички резултати од учење предвидени во наставната програма може да се планираат на еден час.

**Наставен процес**

-Наставни форми и методи
- Избор на задачи, активности и ресурси
-Интеракција меѓу наставниците и учениците
- Приодот на наставникот кон учениците
- Следење на наставниот процес
- Родова и етничка рамноправност и мултикултурна сензитивност во наставните програми и учебните помагала
- Интегрирање на карактеристиките и потребите на локалната средина во наставните програми и наставните помагала
- Интегрирање на општите (меѓупредметните) цели на образованието
- Влијание на наставниците и родителите врз наставните планови и програми

U~enicite uspe{no steknuvaat znaewa ,ve{tini i sposobnosti, покажуваат интерес и покажуваат  солидни резултати, imaat motivacija i se trudat  vo usvojuvawe  na  nastavnite sodr`ini  za postignuvawe na podobar uspeh vo u~eweto.

**Унапредување на мултикултурализмот  и меѓуетничка интеграција**

Наставниот план за основното образование ги содржи принципите мултикултурализмот. Мултикултурализмот и добрите меѓуетнички односи се важни карактеристки на квалитетно образование .Ова може да му помогне на општеството да биде потолерантно ,инклузивно и праведно кое препознава дека целото е богато со многу составни делови. . Мултикултурализмот образование ги склучува следниве пет димензии:

1. Интегразија на содржина
2. Процес на создавање знаење
3. Намалување на предрасудите
4. Педагогија на праведност
5. Потикнувачка училишна култура и структура

Во училиштето наставата се одвива на македонски И албански јазик.Училиштето воид политика на взаемно почитување и рамноправен третман на сите структури што учествуваат во училишниот живот.

- Обем и разновидност на планираните и реализираните воннаставни активности
- Опфатеност на учениците во воннаставните активности
- Вклученост на учениците во изборот и планирањето на работата во воннаставните активности
- Афирмирање на учениците и на училиштето преку воннаставните активности

**Наставен процес**

- Наставни форми и методи
- Избор на задачи, активности и ресурси
- Интеракција меѓу наставниците и учениците
- Приодот на наставникот кон учениците
- Следење на наставниот процес

**Таа ги опфаќа:**

1.Задолжителна настава по наставни подрачја и наставни предмети за ученици од I до IX одделение.

2.Изборна настава

3. Дополнителна настава.

4. Додатна настава.

5. Воннаставни активности

6. Ученички екскурзии

7. Настава во природа

8. Други видови на настава со разновидна дидактичка функција.

**Постигања на учениците**

• Следење на постигања на учениците од различен пол, етничка припадност (и јазикот на наставата) по наставни предмети и по квалификациони периоди
• Подобрување на постигања на учениците од различен пол, етничка припадност (и јазикот на наставата)
• Идентификација на учениците со тешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со посебни образовни потреби
• Подобрување на постигањата на учениците преку редовната и дополнителната/додатната настава
• Следење на постигања на учениците при премин од еден во друг циклус и од едно до друго ниво на образование

## Задржување/осипување на учениците

- Опфат на учениците
- Редовност во наставата
- Осипување на учениците
- Премин на ученици од едно училиште во друго

Застапеноста на предметите во наставата по одделенија и неделен фонд часови за секој предмет е утврдена со Наставниот план .

**Преглед и структура на наставниот кадар во редовна настава**

Za uspe{no izveduvawe na nastavata i rabota vo centralnoto i podra~noto u~ili{te, golem tovar nosi i administracijata na ~elo so direktorot, pedagog, psiholog i sekretarot potpomognati od nastavniot personal na u~ili{teto. Nastavnicite se stru~no osposobeni i kontinuirano se doosposobuvaat so u~estvo na seminari i obuki. Se raboti timski i postoi `elba za koristewe na sovremena obrazovna tehnologija. Оваа година наставниците посетуваа обука како би можеле што поуспешно да се одвива наставниот процес.

За хигиената во училиштата се грижат петмина работници кои настојуваат  хигиената во училиштето да биде на завидно ниво спрема финансиските можности на училиштето.

Организирањето на воспитно-образовната дејност треба да даде можност за остварување на воспитно-образовните задачи и содржини низ разновидни форми на воспитно - образовните активности и тоа:

1.Слободни  ученички активности, како форма на посредно воспитно - образовно влијание, насочување и следење на детскиот развој.

2. Насочени активности како форма на непопсредно влијание, раководење, насочување и следење на детскиот развој.

3. Животни активности како форма за задоволување на детските потреби од храна, одмор и одржување на хигиена.

## Проекти

За реализација на задолжителна настава училиштето и стручно-педагошко и методско усовршување  на наставниот кадар се реализира во рамките на училиштето и е вклучено во следните проекти:

- Проект за мултиетничка интеграција во образованието
- Проект за јакнење на мултиетничка соработка во општините
- Меѓуетничка соработка со општините МНГРО
- Проект-Безбедни училишта
- Примена на стандардите на формативното оценување
- Примена на стандардите на сумативно оценување
- Обуки за нови наставни планови

Наставниците редовно ги следат сите семинари  и советувања одржани од страна на Педагошкоит завод на Македонија.

Стручното и педагошкото усовршување на наставниот кадар е перманентна  грижа  на  сите фактори  во училиштето и надвор од него.

## Дополнителна настава

Согласно Наставниот план и Програма за основните училишта, во училиштето наставата се следеше на тој начин што наставниците го следеа напредокот на учениците во совладување на наставните содржини. За учениците кои заостануваат во совладување на материјалот и ученици кои се во инклузивна настава се организираат дополнителни часови .

Дополнителната настава се организира за оние ученици што не се во состојба да го следат ритамот и организацијата на наставниот процес. Организацијата и содржината на воспитно - образовната работа со оваа категорија ученици се разликува од организацијата и содржината на настава за ученици кои нормално ја следат и совладуваат наставата.

Дополнителната настава треба да се организира само по наставни предмети по кои ученикот не може да постигне успех без помош и по одделени предмети по кои има слаби оценки и за ученици кои сакаат да добијат повисоки оценки.

Содржините за дополнителната настава, главно се специфични за секој ученик. Овој вид на настава во оваа учебна година во нашето училиште беше изведувана континуирано, според потребите на учениците во текот на целата учебна година. Се применуваа пред се индивидуални форми на работа, работа на тандеми и во групи, а поретко се користеше фронталниот облик на работа.

Дополнителната настава се организира и по завршување на наставната година за оние ученици што не ја совладале програмата од одреден предмет, под услов да на крајот на годината им останале две негативни оценки.

Дополнителната настава во оваа учебна година се организираше во моментот кога кај одредени ученици се појавуваат негативни оценки без разлика на предмет и одделение.

Дополнителната настава се изведуваше во работните денови како последен час во наставата.

## Додатна настава

Додатната настава се организира за ученици кои во текот на задолжителната настава и низ другите видови на воспитно-образовната дејност покажуваат зголемен интерес и склоност за одделни наставни предмети и поседуваат потенцијални способности и можности за стекнување на продлабочени знаења од односната наставна дисциплина. Додатната настава се организира за ученици од V до IX одделение, но таа може да се организира и за ученици од IV одделение.

Идентификацијa на учениците кои покажуваат зголемен интерес по одделни наставни предмети врши предметниот наставник, училишниот педагог, психолог и другите наставници кои имаат можности да го согледаат интересот на ученикот. Фондот на часовите за додатната настава ќе ги одреди Наставничкиот совет врз основа на Наставната Програма и Планот, како и степенот на развиеноста на училиштето. Исто така, училиштето според своите можности и во договор со родителите во текот на месец мај организира настава во природа за учениците од IV - те одделенија за што се изготви програма за работа која се реализира према условите на објектите и временските можности.

## Ученички екскурзии

Во Наставен план и програма се организират екскурзии кои се реализираат за учебната година, кои имаат едукативен, наставен, рекреативен и забавен карактер. Програмата за организација и реализација на секоја екскурзија опфаќа време, место и финансии. Секоја екскурзија се организира во соработка со родителите, а се изведуваат на почетокот и на крајот од учебната година, а возависност од времетраење тие се еднодневни и дводневни. За учениците од петто и осмо и девето одделение се изведуваат дводневни екскурзии низ Македонија, а се изведени и еднодневни излети во есен и во прелет во непосредна околина.

## Општествено корисна и хуманитарна работа на учениците

Кај учениците треба да се развива позитивен став кон трудот и чувство на одговорност при работата,уредно и навремено извршување на задачите, развивање на љубов кон природата и почит кон  културни историски споменици, формирање на колективен дух и давање помош. Сето тоа се реализира преку уредување на училници, училишен двор, организирање на собирни акции и друго.

### ВОННАСТАВНИ ВОСПИТНО - ОБРАЗОВНИ АКТИВНОСТИ

### Слободни ученички активности

Слободните ученички активности се состевн дел на Програмата за работа на училиштето и се остваруваат преку организирање на вонннаставните активности. Тие се организираат и изведуваат со однапред планирани соджини. Слободните ученички активности покрај останатите воспитно-образовни компоненти се организираат со цел да ги задоволат желбите и интересите на учениците од училиштето. Преку слободните ученички активности се создаваат можности учениците да се определат за активност према својот афинитет.

Во определувањето  на учениците во секции и организирање на слободните ученички активности  доминантно место имаат следниве принципи :

1. Принцип на слободно определнување.
2. Принцип за задоволување на личните желби и интереси.
3. Принцип за почитување на личноста на ученикот.
4. Принцип за колективна работа и взаемно разбирање.

За сето ова се води сметка за условите на училиштето, стручноста и склоноста на наставно-воспитниот персонал, за рамномерна оптовареност на учениците, а пред се за рамномерна опфатеност на сите видови активности.

Во училиштето  се изведуваат слободните активности и тоа:

1.слободни активности за проширување на знаењата по предмети,
2.слободно- културно уметнички активности,
3. слободно-технички активности
4.слободно работни активности и
5.слободно спортски активности

1.Слободни ученички активности за стекнување на знаења  се организираат по следните наставни предмети:

1. Литературна секција
2. Млади математичари
3. Библиотекари
4. Млади историчари
5. Млади географичари
6. Млади хемичари
7. Млади биолози
8. Млади физичари
9.Љубители на англиски

2.Слободно културно-уметнички активности

1. Рецитаторска-драмска
2. Вокално - инструментален состав
3. Љубители на музиката
4. Млади сликари

3.Работно-производнии активности

1.Екологија во училиштето

4.Слободни-спортски активности

1. Атлетика
2. Кошарка
3. Ракомет
4. Мал фудбал

Воннаставни ученички активности иако се предвидени со законот за основно образование оваа година во услови на пандемија тие се реализираат минимално, што значи дека овој дел не е реализиран во целост.

**Севкупна грижа за учениците**

- Заштита од физички повреди и елементарни непогоди
- Превенција од насилство
- Заштита од пушење, алкохол и дрога

- Квалитет на достапна храна
- Поддршка на учениците со телесни пречки во развојот
- Грижа за ученици од социјално загрозени семејства

## Здравје

• Хигиена и заштита од болести, превенција преку навремено вакцинирање на учениците и систематски прегледи. Континуирано во текот на целата учебната година а во согласност со медицинскиот календар за превентива и заштита на учениците се вршеше вакцинирање на учениците. Според програмата на училиштето во текот на целата учебна година се вршеше едукација на учениците преку предавања и разговори , за заштита од разни болести како и штетното влијание на разните пороци на денешнината.

• Грижа за ученици со здравствени проблеми, и соработка со здравствени установи во општината.

## Советодавна помош за понатамошно образование на учениците

• Пружање помош при избор на занимањето/институцијата за понатамошно образование, доусовршување или вработување
• Грижа за ученици со емоционални потешкотии

## Следење на напредокот

• Водење евиденција за индивидуалниот напредок на учениците
• Анализа на напредокот на учениците по паралелки

### Училишна клима и односи во училиштето

- Углед/имиџ на училиштето
- Кодекс на однесување
- Училишна клима
- Поведение и дисциплина во училиштето
-Партиципација на учениците во решавањето проблеми и донесувањето одлуки

### Промовирање на постигањата

- Промовирање на личните постигања на учениците
- Промовирање на постигањата во име на училиштето

## Еднаквост и правичност

- Познавање на правата на децата
- Еднаков и правичен третман на сите ученици
- Прифаќање и промовирање на мултикултурализмот

### Партнерски однос со родителите и со локалната и деловната заедница

- Соработка на училиштето со родителите
- Соработка со локалната заедница
- Соработка со деловната заедница и невладиниот сектор

### РЕСУРСИ

**Сместување и просторни капацитети**

• Просторни услови
• Искористеност на просторните капацитети

### Наставни средства и материјали

• Опременост со стручна литература и наставни средства и помагала

• Училишна библиотека е добро опремена и располага со книги вклучувајќи и лектирните изданија и прописно библиотекарот ја води библиотечната евиденција. Библиотеката е отворена за користење од страна на учениците во текот на целиот училишен ден
• Потрошен материјал

**Обезбедување на потребниот наставен кадар**

• Број на вработени и соодветност на наставниот кадар
• Ефективност и распоредување на кадарот
• Стручната служба како поддршка на наставниот кадар
( педагог и психолог)

**Следење на развојните потреби на наставниот кадар**

• Професионален развој на наставниците - Финансиско работење во училиштето
• Постапки со кои се обезбедува почитување на законската регулатива за финансиско работење
• Транспарентност во планирањето и трошењето на училишниот буџет

## Управување, раководење и креирање политика

**Управување и раководење со училиштето**

• Управување со училиштето
• Раководење со училиштето

**Цели и креирање на училишната политика**

• Јасност и соодветност на целите
• Процедури за креирање на училишната политик

**Развојно планирање**

• Цели на развојното планирање
• Професионален развој/стручно усовршување на кадарот
• Материјално-технички средства
• Инфраструктура

# Извештај за постигнатите резултати на крајот на учебната 2022/2023 год. во ООУ „ Кирил и Методиј „ с. Романовце и подрачно ОУ во с.Агино Село.

Vospitno obrazovniot proces vo centralno i podra~no u~ili{te vo ovaa u~ebna godina План -програма според предвидениот план на годишно , месечно и на вонпаставни активности во целост беше реализирана,со исключок на часовите кои се поклопуваа со празниците.

Сите ученици се преминати во наредните одделенија и на двата наставни јазици. Учениците одлично се вклопуваа, истражуваа , донесуваа заклучоци и го имаат совладано наставнот материјал според нивните способности и можности.

Во централно и подрачно училиште се евидентирани вкупно 368 ученици. Во **настава на македонски** јазик во централно училиште има евидентирано вкупно 49 ученици, во подрачно вкупно 68 ученици, а на албански наставен јазик има евидентирано вкупно 251 ученик.

**Постигнувања на учениците во учебната 2022/23 година**

Учениците стекнуваат знаења и напредуваат според нивните индивидуални можности и способности.

Поголем број на учениците покажуваат интерес и покажуваат солидни резултати, но има ученици кои покажуваат слаби резултати, имаат потешкотии во учењето во усвојувањето на нови содржини и задачи.

Доколку оценување на учениците е според правилникот и принципите како компонента претставува составен дел на наставниот процес. Значи оценувањето треба да е праведен, транспарентен и континуиран процес кој што има за цел да ги подобри постигнувањата, а да обезбедува целосни информации што се базираат на користење на повеќе различни методи во наставата.

Учениците се трудат во усвојување на знаењата на наставните содржини според нивните можности и способности.

Напредокот на постигањата на учениците во текот на воспитно образовната работа во I-II-III одд. учениците се оценети описно IV-V,VI описно во текот на годината, а на крај со бројки, додека учениците од VII,VIII -IX се оценуваат бројчано според стандардите и критериуми на вреднување по сите наставни предмети.

**Natprevari**

Во училиштето наставниците постојано идентификуваат талентирани ученици, а исто така им се дава голема подршка и идентификација на учениците со потешкотии во учењето.
На надарените ученици кои напредуваат им се дава големо внимание на воспитните и образовни функции како и вонннаставните активности, истотака овие ученици учествуваат и во натпревари.

**Во оваа учебна година за ученик на генерација во настава на албански јазик е прогласена ученичката Мелек Миртезани IX а Ученик на генерација во настава на македонски јазик е прогласена ученичката Ангела Атанасовска IX одд. од подрачно училиште.**

**На општински натпревар по математика** ученикот Ердуан Мемети 5 а овои четврто место а овој ученик во регионален натпревар го освои трето место со ментор учителката Кадише Бајрами. На општински натпревар во **Шах** ученичката Сумеја Миртезани 5 а одд. го освои првото место. На општински натпревар по **Физика** учничката Мелек Миртезани го освои првото место и продолжи на регионален натпревар со ментор професорката Ќендреса Демири. На општински натпревар по **Хемија** ученичката од подрачно училиште Ангела Атанасовска
9 одд. го освои второто место и продолжи на регионален по Хемија со ментор професорката Елена Ангеловска.

Во овој период учениците учествуваа во спортски натпревари. На општински натпревар во спорт Крос: Ајлина Шабани VIII одд. – прво место, Рина Исмаили VII одд. – прво место, Влера Исмаили VII одд. – второ место, Енис Зимбери VI одд. – второ место и Ермал Исуфи IX одд. – трето место. На општински натпревар во ШАХ учествуваа учениците Матеја Соколовски, Јован Димковски VII одд., Михаил Ангеловски, Ердуан Мемеди, Ануар Емини, Сумеја Миртезани V одд. Сумеја го има освоено првото место и ученикот Андреј Младеновски III одд. прво место.

Nastavnicite gi ocenija u~enicite kade што potvrdenite ocenki gi vnesoa vo E-dnevnik , evidentni listovi i sвidetelstva.

Учениците ги развиваат индивидуалните вештини а најголемиот број ученици се вклучени на Проекти за мултикултура, еко училиште, за подршка на личниот и социјалниот развој без оглед на нивниот пол, етничката припадност, верска припадност и социјалното потекло.

Според статистички табеларни прегледи за постигнатиот успех на крајот на учебната година, е следна:

**Успехот на наставата на албански јазик**

| Одд. | Одличи и | многу добри | добри | доволни | Со 1 слаб | Со2 слаби | Среден успех | Оправдани | Неоправдан | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Ia** | | | | | | | | - | - | - |
| **Ib** | | | | | | | | 30 | - | 30 |
| **IIa** | | | | | | | | 32 | - | 32 |
| **IIb** | | | | | | | | - | - | - |
| **IIIa** | | 78 | | | | | | 40 | - | 40 |
| **IIIb** | | | | | | | | 30 | 10 | |
| **IVa** | 5 | 1 | 1 | - | - | | 4.57 | - | - | - |
| **IVb** | 7 | - | 1 | - | - | | 4.27 | - | - | - |
| **Va** | 9 | 3 | 3 | - | - | | 4.29 | 65 | - | 65 |
| **Vb** | 13 | 3 | - | - | - | | 4.73 | 34 | 5 | 39 |
| **Вкупно** | **34** | **7** | **5** | - | - | | **4.46** | **231** | **15** | **246** |
| **VI a** | 6 | 5 | 5 | 2 | - | | 3.65 | 30 | 20 | 50 |
| **VI b** | 8 | 2 | 5 | 2 | - | | 3.79 | 20 | - | 20 |
| **VII a** | 3 | 6 | 5 | 2 | - | | 3.57 | 25 | 20 | 45 |
| **VII b** | 10 | 5 | 3 | - | - | | 4.28 | - | 10 | 10 |
| **VIII a** | 8 | 3 | 2 | 2 | - | | 4.15 | 39 | 11 | 50 |
| **VIII b** | 8 | 6 | 2 | 1 | - | | 3.76 | 20 | 5 | 25 |
| **IX a** | 8 | 3 | 1 | - | - | | 4.52 | 56 | 41 | 97 |
| **IX b** | 3 | 3 | 4 | 3 | - | | 3.60 | 71 | 33 | 104 |
| **вкупно** | **54** | **33** | **27** | **12** | - | | **3.91** | **261** | **140** | **401** |
| **Вкупно** | **88** | **40** | **32** | **12** | - | | **4.18** | **492** | **155** | **647** |
| | | 172 | **Ученици** | | | 190 | **4.15** | **754** | **647** | |

**Изос.. по ученик** 0.38



**Успех на ученици по предметна настава на Албански јазик(**споредба**)**

| Одделение Албан,ја. | IVa | IVb | Va | Vb | VIa | VIb | VIIa | VIIb | VIIIa-VIIIb | IV-IX |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Среден ус. 2021/22 | 4.24 | 4.12 | 4,41 | 3,82 | 3,58 | 4.38 | 4.33 | 4.29 | 4.46- 3.65 | **4.08** |
| | | | | | | | | | 3.27- 4.50 | |
| Среден ус. 2022/23 | 4.57 | 4.27 | 4.29 | 4.73 | 3.65 | 3.79 | 3.57 | 4.28 | 4.15-3.76 | **4.18** |
| | | | | | | | | | 4.52- 3.60 | |

Успехот на учениците во настава на македонски јазик во с. Романовце

| одли | Мног | добри | довол | Со 1 | Со2 | Среден | Оправ | Неопр | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|

| Одд. | чни | добри | | ни | слаба | слаби | успех | дани | авдани | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **I** | | | | | | | | 64 | - | **64** |
| **II** | | | 17 | | | | | 89 | - | **89** |
| **III** | | | | | | | | 23 | - | **23** |
| **IV** | 5 | - | - | - | | | 4.96 | 30 | - | **30** |
| **V** | 6 | - | - | - | | | 4.80 | 27 | - | **27** |
| | | | | | | | | **233** | - | **233** |
| **VI** | 2 | 2 | 1 | - | | | 3.93 | 72 | 1 | **73** |
| **VII** | 4 | 1 | 2 | 1 | | | 3.94 | 99 | 14 | **113** |
| **VIII** | 2 | 3 | - | - | | | 4.33 | 44 | 25 | **69** |
| **IX** | 1 | 2 | - | - | | | 4.09 | 47 | 16 | **64** |
| **вкупно** | 20 | **8** | **3** | **1** | | | **4.34** | **495** | **56** | **551** |
| **Вкупно** | | **32** | | | | | **4.17** | | **551** | **11.02** |
| | | | | **37 уч.** | | | Изостан. по уче. 8.5 | | | |




**Успех на учениците по предметна настава на македонски јазик во Романовце** ( споредба)

| Одд.. | IV | V | VI | VII | VIII | IX | IV-IX | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Сре. успех 2021/22 | 4.66 | 4.59 | 3.74 | 4.07 | 3.71 | 4.27 | **4.17** | 4.17 |
| Сре. успех 2022/23 | 4.96 | 4.80 | 3.93 | 3.94 | 4.33 | 4.09 | **4.34** | 4.34 |

**ПОУ с. Агино Село**

| Одд. | Одли чни | Многу добри | Добр и | довол ни | Со 1 слаб | Со2 слаби | Среден успех | Оправ дани | Неопр авдани | Вкуп но |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **I** | | | | | | | | 9 | - | **9** |
| **II** | | 21 | | | | | | - | - | **-** |
| **III** | | | | | | | | 34 | - | **34** |
| **IV** | 1 | 2 | - | - | | | 4.48 | - | - | **-** |
| **V** | 3 | - | - | - | | | 5.00 | - | - | **-** |
| | | | | | | | | | | |
| **VI** | 4 | 2 | 6 | - | | | 3.76 | 14 | 13 | **27** |
| **VII** | 4 | 3 | 1 | - | | | 3.90 | 10 | - | **10** |
| **VIII** | 3 | 5 | - | - | | | 4.07 | 31 | 8 | **39** |
| **IX** | 4 | 9 | - | - | | | 4.23 | 29 | 1 | **30** |
| **вкупно** | **19** | **21** | **7** | **-** | | | | **127** | **22** | **149** |
| **Вкупно** | | **47 учен.** | | | | | **4.24** **4.26** | | **149** | **102** |
| | | ученици | | 58 | | | Изостан. по уче.2.19 | | | .1.34 |




Успех на ученици по предметна настава - Агино Село споредба

| Одд. | IV | V | VI | VII | VIII IX | IV-IX |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Сре. успех 2021/22 | 4.97 | 4.13 | 4.38 | 4.01 | 4.08- 4.01 | **4.26** |
| Сре. успех 2022/23 | 4.48 | 5.00 | 3.76 | 3.90 | 4.07- 4.23 | **4.24** |

**На ниво на училиштето во централно и подрачно училиште просечен успех е** 4.25 ( 4,17) .

**Училиштето има Кодекс на однесување со кој се доставени принципите и правилата на однесување на учениците.**

Редот,дисциплината и редовноста се суштински принципи и приоритети во училиштето кои треба да се почитуваат од страна на учениците и истите имаат обврска и одговорност за редовната настава.

**Во подрачното училиште во Агино село** во предметна и одделенска настава во оваа учебна година од вкупно **149** изостаноци, оправдани се **127** а неоправдани **22** изостаноци.

Споредба

| | 2021/2022 | | 2022 /2023 | |
|---|---|---|---|---|
| изостаноци | одделенска | предметна | одделенска | предметна |
| оправдани | 83 | 7 | 43 | 84 |
| неоправдани | 0 | 12 | 0 | 22 |
| **Вкупно** | 83 | 19 | 43 | 106 |
| | 102 | | 149 | |

**Во с.Романовце во наставата на македонски** јазик во одделенска и предметна настава од вкупно **551** изостаноци , **495 се** оправдани , неоправдани се **56** изостаноци.

| **споредба** | **2021/2022** | | **2022-2023** | |
|---|---|---|---|---|
| изостаноци | одделенска | предметна | одделенска | предметна |
| оправдани | 326 | 115 | 233 | 262 |
| неоправдани | 0 | 35 | - | 56 |
| **Вкупно** | 326 | 150 | 233 | 318 |
| | 476 | | 551 | |

**Во наставата на Албански јазик** има вкупно **647 изостаноци,** од нив **492** оправдани а **155** неоправдани изостаноци.

| **споредба** | **2021/2022** | | **2022/2023** | |
|---|---|---|---|---|
| изостаноци | одделенска | предметна | одделенска | предметна |
| оправдани | 326 | 93 | 231 | 261 |
| неоправдани | 0 | 82 | 15 | 140 |
| **Вкупно** | 326 | 175 | 246 | 401 |
| | 501 | | 647 | |

**Од страна на наставниците се вршеше контрола на личната хигиена и хигиенските навики на учениците.** Се следеше

здравствената состојба каде се извршени редовни систематски прегледи на здравјето и редовно вакцинирање на учениците.

Во училиштето има пишан документ за севкупна грижа за здравјето на учениците:

- Заштита од физички повреди и елементарни непогоди
- Превенција од насилство
- Заштита од пушење,алкохол и дрога
- Подршка на учениците со телесни пречки во развојот
- Грижа за ученици од социјално загрозени семејства
- Хигиена и заштита од заразни болести
- Грижа за ученици од здравствени проблеми
- Грижа за ученици со емоционални потешкотии
- Систематски прегледи на ученици
- Вакцинација на ученици
- Пружење помош на професионал;на ориентација-занимање

**Педагошка евиденција и документација**

Наставниците водеа евиденција за воспитно образовен процес: дополнителна, додатна настава и воннаставни активности **во електронски дневник.**

Како појдовна основа за надминување на неповолните состојби во наставниот процес да има поголема објективност, континуираност, јавност во оценувањето,и примена на современи форми и методи во работата.

На учениците им се овозможува да стекнуваат **воспитување** индивидуална одговорност, самодоверба, мотивација и усвојување на нови знаења и вештини бидејќи овие елементи се составен дел на поквалитетна настава во училиштето и во системот на образованието.

Методи

Техники




**ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ НА ДИРЕКТОРОТ ЗА УЧЕБНАТА 2022/ 2023**

Во текот на учебната 2022/2023 год. се реализираа предвидените активности според Годишната програма за работа на училиштето, односно учебната година започна од 01.09.2022 година.

Учебната година започна со сите неопходни подготовки во организациона смисла за непречено одвивање на наставниот процес, подобрување на просторните и техничките услови за работа со цел да се обезбедат современи услови за учење и работа и целото тоа благодарение на менаџерските способности на директорот на училиштето во соработка со сите вработени во училиштето.

Во центалното училиште и во подрачно училишта преку летниот распуст и по потреба во текот на учебната година се извршија повеќе санации, реконструкции и поправки на училишниот инвентар и на санитарните јазли во училиштето.

Во училиштето е извршено и хортикултурно и естетско уредување на училишниот двор, реконструкција на тоалети и скали пред влезот на училиштето и друг нов училишен инвентар, нагледни средства - географски карти камери за 24/7 видео надзор во ходниците и училишниот двор. Изграден е нов санитарен чвор во централното училиште со што се подобрени хигиенските услови за учениците.

Нашето училиште е двојазично каде што наставата се изведува на Македонски и Албански наставен јазик.

Во училиштето постои соживот мегу учениците, не постои разлика помеѓу Македонци и Албанци. Било кој проект да се работи во училиштето се работи со вклучени ученици албанци и македонци. За климата во училиштето може да бидеме горди. Секако успесите на училиштето се резултат на несебичното залагање не само на директорот туку и на сите вработени, училишниот одбор како орган на управување, локалната самоуправа, кои синхронизирано делувајќи сите заедно ги разрешуваат успешно сите тековни проблеми. Со ова учениците добија можност да учат во современа и пред се безбедна средина, а воедно се обезбеди позитивна клима заработа и учење во целото училиште.

Накратко кажано директорот на училиштето неуморно и континуирано дејствуваше во сите сфери во работењето на училиштето притоа стремејќи се преку својата визија и способности за раководење да ја оствари мисијата на училштето –

Креативна настава реализирана со професионалци за сите ученици, која обезбедува знаење, сигурност и самодоверба, притоа споделувајќи ја истата со сите вработени во училиштето, тргнувајќи од фактот дека само споделената мисија е реално остварлива.

Во тековното работење и раководење со училиштето настојуваше и успеваше наставата да се одвива непречено, настојуваше да се створат оптимални услови, мотивирајќи ги и учениците и наставниците за работа и учење, притоа остварувајќи плодна соработка со родителите, БРО, МОН, градоначалникот и локалната самоуправа при нашата општина и др.институции.

Континуирано и успешно ја координираше работата на стручната служба, училишниот одбор, лидерскиот тим на училиштето, стручните активи и други.

Одделенскиот и Наставничкиот совет, ученичката и одделенската заедница на учениците при нашето училиште.

Заедно со стручната служба, наставниците и др. вработени се трудеше да воспостави партнерски однос во планирањето и реализирањето на воспитно-образовниот процес. Систематска подршка им даваше на сите наставници -приправници и на нивните назначени ментори, на наставниците кои се запишани на дообразование или постдипломски студии, а секако вршеше активно и редовно вклучување во секоја обука и семинари кои го подобруваат и усовршуваат наставниот и административниот кадар во училиштето, подршка на наставниците и учениците во реализирањето на разни проектни активности во соработка со дрugi uчилишта.

Исто така директорот, лидерскиот тим и сите вработени кои покажуваа интерес и способности за изготвување на проекти и аплицирање во истите,меѓутоа во услови на пандемија проектите во целост не можеа во целост да се реализираат.

Континуирано во текот на учебната година каде што дозволуваа условите во услови на пандемија се одвиваа обуки и семинари во организација на Бирото за развој на образованието за директорот, стручната служба, наставниците од предметна и одделенска настава, како и за останатиот административен кадар, со што се стекнуваа со нови знаења и професионално се усовршуваа и надоградуваа. Многу наставници во текот на оваа учебна година продолжија со своето професионално усовршување и напредување и на постдипломски студии, за кои директорот секогаш им ја даваше својата подршка и помош.

Ученичките натпревари по разни наставни предмети беа нашиот предизвик и со голем ентузијазам на натавниците-ментори на учениците кои беа учесници на истите и со организациската и материјална подршка од страна на директорот на училиштето оваа година постигнавме резултати на општинските ниво, и во услови на пандемија . А тоа е всушност најголемиот доказ дека нашето училиште се вбројува меѓу подобрите училишта со покажани и докажани резултати во нашето работење во општината.

Токму горе наведените факти ме прават горд како директор што менаџирам со едно вакво училиште кое се движи во позитивна насока и се повеќе го оправдува и заслужува епитетот на успешно училиште. Тоа ќе биде уште поголем предизвик за дејствување во иднина и за мене како директор и за сите вработени во нашето училиште.

## Годишен извештај за работа на стручните соработници (педагогот и психологот)

Во текот на годината се работеше според програмските содржини и активностите според Законот за основно образование.
На почетокот на учебната година активно учествувавме во изготвувањето на годишната програма за работа на училиштето, сопствените годишни програми, планирање и програмирање на вонаставните содржини и друго. Соработувавме со наставниците во изготвувањето на нивната програма за работа, а со донесувањето на новите наставни планови и програми стручните соработници ги интензивираа консултациите со одд. и предметните наставници, (во форма на индивидуални разговори или пак со учество на состаноците на стручните активи), со давање стручна помош при изготвување на развојни процесни планирања и водење на нивното професионално досие.

Професионално се усовршуваа преку континуирано следење на стручна литература, образовни портали на интернет и со учество во

проекти и директна реализација на активностите од истите: преку стручни консултации со наставниците и менторот и непосредни увиди на часовите.

Со непосредни увиди на часовите на оние ученици кои физички се присутни на часовите се следеше реализацијата на содржините во пракса, а на крајот дадоа целосен извештај за горенаведените активности.

Психологот и педагогот, преку непосредните увиди на часовите и развојните планирања, консултациите со наставниците, ја следеа иплементацијата на новите образовни концепти, наставни методи и идеи за примена на современата настава, соработка со родителите , работа со ученици.
Од предметот македонски јазик и албански јазиk со утврдување на усвоеноста на техниката на читање на текстови од читанката.
Во текот на месец мај педагогот и психологот го извршија уписот на децата за поаѓање во прво одделение, согласно протоколот од Влада на Република Северна Македонија за упис во прво одделение во услови на вонредна состојба.

Стручните соработници континуирано ја следеа воспитно образовната дејност, работеа со ученици кои имаа тешкотии во напредувањето, секојдневно водеа инструктивно-советодавни разговори и активно учествуваа на состаноците на одделенските заедници, ученичката заедница по актуелни прашања (поведението на учениците, успехот и меѓусебна комуникација). Индивидуално работеа на откривање ученици кои манифестираа неприлагодено однесување со кои подоцна следеа конструктивно-советодавни разговори и советувања на родителите.

На учениците им се овозможува да стекнуваат воспитување индивидуална одговорност, самодоверба, мотивација и усвојување на нови знаења и вештини во воспитнио образовната програма според нивните способности и можности ,бидејќи овие елементи се составен дел на поквалитетна настава во училиштето и во системот на образованието.

07.07.2023 год

| | |
|---|---|
| **Директор** | **Претседател на Училишен Одбор** |
| **Скендер Рушити** | **Ајредин Џеладини** |